# REPRESENTATION OF WOMEN SPORTS MANAGERS IN NATIONAL FOOTBALL ASSOCIATIONS

**Cvetanka Nevcheva**
Faculty of Sport Management, FON University, Skopje, Republic of N. Macedonia,
cece_mak@yahoo.com
**Magdalena Damjanovska**
Faculty of Sport Management, FON University, Skopje, Republic of N. Macedonia,
magdalena.damjanovska@fon.edu.мк

**Abstract:** Sport is the driving force in the world and it is found in all segments of the modern lifestyle. The popularization of sport has increasingly contributed to the inclusion of women in all structures of sport. They are increasingly part of sporting events and sports competitions, and are also professionally involved in sports as active athletes, sports coaches and managers in all managerial structures of sports organizations.
View of the representation of women sports managers in the 54 national football associations in period of 2015-2016 year. To determinate whether there is a statistical significant difference by sex and type of license for male and female sports coaches in Republic of North Macedonia in the period 2015-2016 by calculating the Pearson`s x2 test.
This research uses a descriptive method of work. An analysis of the official data obtained from the UEFA 2015-2016 report on the inclusion of women sports managers in the 54 national football associations, their percentage representation and role. The nominal variables are given a percentage representation of the respondents. Research population, sample of respondents-female sports managers from 54 national football associations Descriptive statistics - spreadsheet and graphical representation of statistical series. Pearson's x2 test will be used. Statistical significance was determined with a p - value less than: $p < 0.05$. An on-line calculator by Professor Hossein Arsham was used to determine the statistical significance of the results.
There is an underrepresentation of female football coaches in National sports football associations.
According to data from the UEFA 2016-2017 report that compared to 2015-2016 there is an increase in the total number of licensed female trainers in the 54 National football associations. There is an insufficient number of licensed female football coaches in the Republic of North Macedonia. There is a significant statistical significance **($x^2 = 39.7$, df =1, $p < 0.05$)** by sex and type of license for male and female sports coaches in Republic of North Macedonia in the period 2015-2016.
**Keywords:** female, football, coaches, sports managers.

# ЗАСТАПЕНОСТ НА ЖЕНИТЕ СПОРТСКИ МЕНАЏЕРИ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ ФУДБАЛСКИ АСОЦИЈАЦИИ

**Цветанка Невчева**
Факултет за спортски менаџмент, ФОН Универзитет, Скопје, cece_mak@yahoo.com
**Магдалена Дамјановска**
Факултет за спортски менаџмент, ФОН Универзитет, Скопје, magdalena.damjanovska@fon.edu.мк

**Резиме:** Спортот претставува движечка сила во светот и се наоѓа во сите сегменти на современиот начин на живеење. Популаризацијата на спортот се повеќе допринесе за вклучување на жените во сите структури на спортот. Тие сé се помасовно дел од спортските случувања и спортските натпревари, вклучени се и професионално во спортот, како активни спортисти, спортски тренери и менаџери во сите раководни структури на спортските организации
Приказ на застапеноста на жените спортски менаџери во 54-те национални фудбалски асоцијации во периодот од 2015-2016 година. Утврдување дали постои статистички значајна разлика според пол и вид на лиценца кај спортските тренери мажи и жени во РСМакедонија во периодот од 2015-2016 година со пресметување на Pearson-овиот тест ($x^2$).
Во ова истражување е користен дескриптивен метод на работа. Направена е анализа на официјалните податоци добиени од УЕФА извештајот за 2015-2016 година за вклученоста на жените спортски менаџери во 54 – те национални фудбалски асоцијации, нивната процентуална застапеност и улога. **Популација на**

**истражување, примерок на испитаници -** Жените спортски менаџери од 54 – те национални спортски фудбалски асоцијации.
За номиналните варијабли даден е процентуален приказ на застапеноста на испитаниците. Дескриптивно статистички – табеларно и графичко прикажување на статистичките серии. Ќе биде употребен Pearson-овиот - $x^2$ тест. Статистичката значајност е одредена со p - вредност која е помала од: p<0.05. За утврдување на статистичката сигнификантност на добиените резултати употребен е on-line калкулатор на професор Hossein Arsham.
Постои недоволна застапеност на фудбалските тренери од женскиот пол во националните спортски фудбалски асоцијации.
Податоците од извештајот на УЕФА за 2016-2017 година укажуваат на фактот дека во однос на 2015-2016 година постои зголемување на вкупниот број на лиценцирани тренери од женскиот пол во 54-те национални фудбалски асоцијации. И во РСМакедонија постои зголемување на вкупниот број на лиценцирани фудбалски тренери од женскиот пол, но не доволно. Сооднос на мажи/жени тренери вклучени во женскиот фудбал во 2015-2016 година изнесувал 90:10, а доколку пак во 2016-2017 година изнесува 70:30 според податоците на УЕФА, што не е доволно и е потребно многу поголемо ангажирање на тренерите од женскиот пол во женскиот фудбал, фудбалот и спортските организации воопшто. **Постои значајна статистичка сигнификантност ($x^2 = 39.7$, df =1, $p < 0.05$)** според пол и вид на лиценца кај спортските тренери мажи и жени, во РСМакедонија во периодот од 2015-2016 година.
**Клучни зборови:** жени, фудбал,тренери, спортски менаџери.

## 1.ВОВЕД

Спортот претставува движечка сила во светот и се наоѓа во сите сегменти на современиот начин на живеење.Популаризацијата на спортот се повеќе допринесе за вклучување на жените во сите структури на спортот. Во Европа во периодот од 2015 до 2016 година се регистрирани вкупно 1.199.584 фудбалерки. Германија, Норвешка, Франција, Шведска, Холандија, Англија и Швајцарија се земји каде што се регистрирани повеќе од 60.000 фудбалерки. Регистрирани квалификувани женски судии во Европските земји се вкупно 8.754. А доколку пак женски тренери во сите категории вкупно 13.353. Вкупно 49 држави во Европа имаат женски лиги, а 50 асоцијации имаат национални тимови. Програми за развој на женскиот фудбал имаат вкупно 35 држави. Вкупно 2.063 жени се вработени во националните асоцијации и претставуваат 29.0% од вкупната работна структура во националните спортски фудбалски асоцијации. Жените во националните спортски фудбалски асоцијации се застапени со 122 во топ менаџментот, 423 во функционалниот менаџмент и 1.518 во оперативниот менаџмент. Вкупно 7.057 луѓе се вработени во националните фудбалски асоцијации, од кои 4.994 мажи и 2.063 жени, соодносот мажи/ жени изнесува 2:1.

## 2.МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

**Општа цел:** Приказ на застапеноста на жените спортски менаџери во 54-те национални фудбалски асоцијации во периодот од 2015-2016 година.
**Посебни цели:**

1. Приказ на застапеноста по пол кај вработените во 54-те национални фудбалски асоцијации
2. Приказ на застапеноста на жените на менаџерските позиции во 54-те национални фудбалски асоцијации
3. Приказ на застапеноста по пол и вид на лиценца на вработените во 54-те национални фудбалски асоцијации.
4. Приказ на лиценцирани тренери според пол во РСМакедонија за периодот од 2015-2016 година.
5. Приказ на лиценцирани тренери според пол во РСМакедонија за периодот од 2016-2017 година.
6. Утврдување дали постои статистички значајна разлика според пол и вид на лиценца кај спортските тренери мажи и жени во РСМакедонија во периодот од 2015-2016 година со пресметување на Pearson-овиот тест ($x^2$).

**Хипотези**
**Генерална хипотеза:**
Недоволна застапеност на фудбалските тренери од женскиот пол во 54-те национални фудбалски асоцијации
**Хипотези во истражувањето:**
**Хипотеза 1** Постои недоволен број на лиценцирани фудбалски тренери од женскиот пол во РСМакедонија.
Во ова истражување е користен дескриптивен метод на работа. Направена е анализа на официјалните податоци добиени од УЕФА извештајот за 2015-2016 година за вклученоста на жените спортски менаџери во 54 – те национални фудбалски асоцијации, нивната процентуална застапеност и улога. **Популација на**

**истражување, примерок на испитаници -** Жените спортски менаџери од 54 – те национални спортски фудбалски асоцијации. За номиналните варијабли даден е процентуален приказ на застапеноста на испитаниците. Дескриптивно статистички – табеларно и графичко прикажување на статистичките серии. Ќе биде употребен Pearson-овиот - $x^2$ тест. Статистичката значајност е одредена со p - вредност која е помала од: $p<0.05$. За утврдување на статистичката сигнификантност на добиените резултати употребен е on-line калкулатор на професор Hossein Arsham.

## 3. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

***Табела број 1 - Приказ на застапеноста по пол на вработените во 54-те национални фудбалски асоцијации во периодот од 2015-2016 година***

| **Мажи** | | **Жени** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|
| број | % | број | % | број | % |
| 4.994 | 71.0 | 2.063 | 29.0 | 7.057 | 100.0 |




***Графикон број 1 - Застапеност на вработени по пол во 54-те национални фудбалски асоцијации во периодот од 2015-2016 година***

Од табела број 1 и графикон број 1 може да се забележи дека од вкупно 7.057 (100.0%) вработени во националните фудбалски асоцијации, 4.994 (71.0%) се мажи и 2.063 (29.0%) се жени.

***Табела број 2 - Приказ на застапеноста на жените на менаџерските позиции во 54-те национални фудбалски асоцијации во периодот од 2015-2016 година***

| **Врвен менаџер** | | **Функционален Менаџер** | | **Оперативен менаџер** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број | % | број | % | број | % | број | % |
| 122 | 6.0 | 423 | 20.0 | 1.518 | 74.0 | 2.063 | 100.0 |




***Графикон број 2 – Приказ на застапеност на жените на менаџерските позиции во 54-те национални фудбалски асоцијации во периодот од 2015-2016 година***

Од табела број 2 и графикон број 2 може да се забележи дека од вкупно 2.063 (100.0%) жени на менаџерските позиции во 54-те национални фудбалски асоцијации, најголем број 1.518 (74%) се оперативни

менаџери, 423 (20.0%) функционални менаџери и 122 (6.0%) врвни (топ) менаџери. Соодносот мажи/жени е 2:1. Од вкупно 7.057 вработени на менаџерските позиции во 54-те национални фудбалски асоцијации, 4.994 се мажи, а 2.063 се жени.

***Табела број 3 - Застапеност на фудбалски тренери според пол и вид на лиценца во 54-те национални фудбалски асоцијации во периодот од 2015-2016 година***

| **ПОЛ** | **УЕФА Про** | **УЕФА А** | **УЕФА В** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | број | број | број | број |
| **Мажи** | 8.809 | 43.263 | 139.042 | 191.114 |
| **Жени** | 101 | 540 | 2.697 | 3.338 |
| **Вкупно** | **8.910** | **43.803** | **141.739** | **194.452** |




***Графикон број 3 - Застапеност на фудбалски тренери според пол и вид на лиценца во 54-те национални фудбалски асоцијации во периодот од 2015-2016 година***

Од табела број 3 и графикон број 3 може да се забележи дека од вкупно 194.452 лиценцирани УЕФА Про, УЕФА А и УЕФА Б тренери, мажи се вкупно 191.114, а жени 3.338. Од вкупно 8.910 лиценцирани УЕФА Про тренери, мажите се застапени со 8.809, а жените со 101. Од вкупно 43.803 лиценцирани УЕФА А тренери, мажи се вкупно 43.263, а жени 540. Од вкупно 194.452 лиценцирани УЕФА Б тренери, мажи се вкупно 139.042, а жени 2.697.

***Табела број 4 - Приказ на лиценцирани фудбалски тренери според пол во РСМакедонија за периодот од 2015-2016 година***

| **Пол** | **УЕФА Про** | **УЕФА А** | **УЕФА Б** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Мажи** | **57** | **164** | **375** | **596** |
| **Жени** | **0** | **0** | **8** | **8** |
| **Вкупно** | **57** | **164** | **383** | **604** |

Од Табела број 4 може да се забележи дека од вкупно 604 лиценцирани фудбалски тренери, 596 се мажи, а 8 се жени. УЕФА Про лиценца во РСМакедонија имаат вкупно 57 тренери мажи, а 0 жени. УЕФА А лиценца 164 мажи и 0 жени, а доколку пак УЕФА Б лиценца имаат 375 мажи и 8 жени тренери.

***Табела број 5 - Приказ на лиценцирани фудбалски тренери според пол во РСМакедонија за периодот од 2016-2017 година***

| **Пол** | **УЕФА Про** | **УЕФА А** | **УЕФА Б** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Мажи** | **73** | **205** | **415** | **693** |
| **Жени** | **0** | **0** | **19** | **19** |
| **Вкупно** | **73** | **205** | **434** | **712** |

Од Табела број 5 може да се забележи дека од вкупно 712 лиценцирани фудбалски тренери 693 се мажи, а 19 се жени. УЕФА Про лиценца во РСМакедонија имаат вкупно 73 тренери мажи, а 0 жени. УЕФА А лиценца

205 мажи и 0 жени, УЕФА Б лиценца имаат 415 мажи и 19 жени тренери. Според податоците добиени од извештајот на УЕФА за 2016-2017 година, можеме да констатираме дека во 2016-2017 година во однос на 2015-2016 година постои зголемување на вкупниот број на лиценцирани тренери за околу 18%. УЕФА Про лиценца имаат вкупно 73 тренери од машкиот пол, во однос на претходната година постои зголемување за околу 28%. УЕФА А лиценца имаат вкупно 205 тренери од машкиот пол, во однос на претходната година постои зголемување за околу 25%. УЕФА Б лиценца имаат вкупно 415 тренери од машкиот пол, во однос на претходната година постои зголемување за околу 11%. Доколку кај тренерите од женскиот пол состојбата е непроменета, односно само се забележува пораст кај тренерите со УЕФА Б лиценците од 8 на 19 нови фудбалски тренери во однос на претходната година.

**Хипотеза 1** Постои недоволен број на лиценцирани фудбалски тренери од женскиот пол во Република Северна Македонија **се потврдува.**

**- Утврдување дали постои статистички значајна разлика според пол и вид на лиценца кај спортските тренери мажи и жени во РСМакедонија во периодот од 2015-2016 година со пресметување на Pearson-овиот тест ($x^2$).**

***Табела број 6 – Утврдување на статистички значајна разлика според пол и вид на лиценца кај спортските тренери мажи и жени во РСМакедонија во периодот од 2015-2016 година***

| Пол | УЕФА Про | УЕФА А | УЕФА Б | Вкупно | $x^2$ | p | df |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мажи** | **57** | **164** | **375** | **596** | | | |
| **Жени** | **0** | **0** | **8** | **8** | | | |
| **Вкупно** | **57** | **164** | **383** | **604** | **39.7** | **0.00** | **1** |

Од табела број 6, може да се утврди дека **постои значајна статистичка сигнификантност ($x^2$ = 39.7, df =1, $p < 0.05$)** според пол и вид на лиценца кај спортските тренери мажи и жени, во РСМакедонија
во периодот од 2015-2016 година.

## 4.ЗАКЛУЧОК

Добиените резултати се однесуваат на застапеноста на жените спортски менаџери во 54-те национални фудбалските асоцијации во периодот од 2015-2016 година.

**Генерална хипотеза која гласи дека** постои недоволна застапеност на фудбалските тренери од женскиот пол во националните спортски фудбалски асоцијации **е потврдена.** Иако има напредок во извештаите на УЕФА за 2016-2017 година во однос на 2015-2016 сепак тоа е недоволно за да се стигне децениската полова разлика која е присутна и во спортот во голема мера.

**Хипотеза 1** Постои недоволен број на лиценцирани фудбалски тренери од женскиот пол во Република Северна Македонија **се потврдува.**

Сооднос на мажи/жени тренери вклучени во женскиот фудбал во 2015-2016 година изнесувал 90:10, а доколку пак во 2016-2017 година изнесува 70:30 според податоците на УЕФА, што уште не е доволно и е потребно многу поголемо ангажирање на тренерите од женскиот пол во женскиот фудбал, фудбалот и спортските организации воопшто.

Статистичката обработка на податоците, покажа дека **постои статистички значајна сигнификантност** на ниво на $p < 0.05$ :

- Кај испитаниците во однос на пол и тренерски лиценци кои ги поседуваат **($x^2$ = 39.7, df =1, $p < 0.05$)**

Се поголемо е значењето на жените во сите сфери на спортот. Со глобализацијата и комерцијализацијата спортот доби нова димензија, и стана се поголем предизвик за активно вклучување на жените. Како врвни спортисти, едуцирани менаџери (врвни, функционални и оперативни менаџери) со стекнување на потребните вештини и знаења на високо образовните институции кои што имаат програми за спортски менаџмент. Спортот веќе се повеќе се темели на наука и затоа потребно е поседување на техничко-тактички вештини, посетување на перманентни обуки и семинари, претходно искуство во одредената спортска област, лиценци (кои што секако не се комплементарни доколку не се имплементирани заедно и во склоп со другите фактори кои се значајни за комплетирање на профилот на спортскиот менаџер), знаење од областа на менаџментот, маркетингот, економијата, управувањето и.т.н. Спортскиот менаџмент е широко поле за работа и има место во него за секој кој што сака да биде дел од тоа. Спортот не познава дискриминација, и затоа шансата треба подеднакво да им биде дадена на сите оние кои што знаат, сакаат и поседуваат потребни вештини за да менаџираат во спортот без разлика на нивниот пол.

**ЛИТЕРАТУРА**

Јованова Симева, В., (2013) Влијанието на менаџментот врз успехот на спортските клубови и федерации, докторска дисертација, 79-81; 178-226.

Burton, L. J., (2015) Underrepresentation of women in sport leadership: A review of research, Sport management, Volume 18,Issue 2, Pages 155-165 Достапно на: https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S1441352314000175?via%3Dihub

Lyness S, K., & Grotto R A., (2018). Women and Leadership in the United States: Are We Closing the Gender Gap?, Annual Review of Organizational Psychology and Organizational Behavior, 10.1146/annurev-orgpsych-032117-104739, 5, 1, (227-265).

Moore, M., Parkhouse, B. & Konrad, A., (2001), "Women in sport management: advancing the representation through HRM structures", *Women in Management Review*, Vol. 16 No. 2, pp. 51-61. Достапно на: https://doi.org/10.1108/09649420110386584

Pfister, G., Habermann, U., & Ottesen L.,(2004) "Women at the Top" – on women, sport and management, Second sub-report: Women in sports management – a comparative analysis of international trends © Institute of Exercise and Sport Sciences, University of Copenhagen. Достапно на: http://kum.dk/uploads/tx_templavoila/women_at_the_top_part_2.pdf

Simmons, K., (2011) Women in Top Management Positions in the Sport Industry: Breaking Down the Barriers and Stereotypes, Katie Simmons, St. John Fisher College. Достапно на: http://fisherpub.sjfc.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1031&context=sport_undergrad

Smith, P. (2015). "Women and Sport: Insight into the Growing Rise and Importance of Female Fans and Female Athletes." Достапно на: http://repucom.net/wp-content/uploads/2014/09/Women-and-SportRepucom.pdf.

Tomic, M., (2007) Sportski menadžment. Beograd. Data Status, 25-34; 119-176.

United Nations (UN). 2007. "Women, Gender Equality, and Sport." Достапно на: www.un.org/womenwatch/daw/public/Women%20and%20Sport.pdf.

Women`s Football across the national associations (2015-2016), UEFA report. Достапно на: https://www.uefa.org/MultimediaFiles/Download/OfficialDocument/uefaorg/Women'sfootball/02/30/93/30/2309330_DOWNLOAD.pdf

Women`s Football across the national associations (2016-2017), UEFA report. Достапно на:https://www.uefa.com/MultimediaFiles/Download/OfficialDocument/uefaorg/Women%27sfootball/02/43/13/56/2431356_DOWNLOAD.pdf